Гласање преку пономошник

Секој акционер може да овласти со полномошно друго физичко или правно лице како свој полномошник на седницата на Собранието.

Полномошното се издава во писмена форма со пополнување на образецот за гласање преку полномошник.

Полномошното мора да содржи комплетни податоци за идентитетот на акционерот и полномошникот и тоа:
-За акционерот – пополнето целосно име и презиме, своерачен потпис и ЕМБГ на акционер физичко лице, односно назив, седиште, печат, ЕМБС, целосно име и презиме и своерачен потпис на застапник по закон на акционер правно лице;
- За полномошникот – целосно име, презиме и ЕМБГ за полномошник физичко лице, односно назив, седиште и ЕМБС на полномошник правно лице.

Акционерите треба веднаш да го известат Друштвото за секое дадено полномошно по писмен пат на следната адреса:

ОКТА АД-Скопје,
Ул. 1 бр. 25
н.м Миладиновци – општина ИЛИНДЕН
1000 Скопје
Со назнака „За Годишно Собрание на акционери“.

Друштвото може да бара дополнително утврдување на личниот идентитет на акционерот како услов за уважување на полномошното, како и верификација на дадените инструкции за гласање.
Полномошникот е должен при евиденција на своето присуство на Собранието да го предаде полномошното во писмена форма во оригинал, како и да презентира важечки документ за идентификација – лична карта или пасош.

За полномошници на Собранието можат да бидат назначени и лица кај кои постои конфликт на интерес согласно Законот за трговски друштва, под услов ако полномошниците:

-Претходно им обелоделиле на акционерите дека кај нив има конфликт на интерес, и
-Добиле конкретни инструкции за гласање во писмена форма од акционерите од кои се овластени да бидат нивни полномошници за секоја предложена точка за гласање по точките на дневниот ред на Седницата на Собранието.

Друштвото на својата интернет страница ќе го објави идентитетот на назначените полномошници кај кои постои конфликт на интерес.